**20171212368**

## АГЕНЦИЈА ЗА ХРАНА И ВЕТЕРИНАРСТВО

Врз основа на член 77 став (4), член 81 став (5), член 84 став (3), член 85 став (5), член 86 став (4), член 87 став (3) и член 88 став (10) од Законот за ветеринарно здравство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 113/07, 24/11, 136/11, 123/12, 154/15 и 53/16), директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА ЗА УВОЗ И ТРАНЗИТ, НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА НА ВРШЕЊЕ НА ПРОВЕРКА И ПРЕГЛЕД ПРИ УВОЗ И ТРАНЗИТ НА ПРАТКА СО НУСПРОИЗВОДИ ОД ЖИВОТИНСКО ПОТЕКЛО, ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ВЕТЕРИНАРНО– ЗДРАВСТВЕНИОТ СЕРТИФИКАТ ИЛИ ДРУГИ ДОКУМЕНТИ ШТО ЈА ПРИДРУЖУВААТ ПРАТКАТА СО НУСПРОИЗВОДИ ОД ЖИВОТИНСКО ПОТЕКЛО, КАКО И ЛИСТАТА НА ТРЕТИ ЗЕМЈИ ОД КОИ Е ОДОБРЕН УВОЗ И ТРАНЗИТ ([*])

Член 1

Во Правилникот за начинот и постапката за увоз и транзит, начинот и постапката на вршење на проверка и преглед при увоз и транзит на пратка со нуспроизводи од животинско потекло, формата и содржината на ветеринарно – здравствениот сертификат или други документи што ја придружуваат пратката со нуспроизводи од животинско потекло, како и листата на трети земји од кои е одобрен увоз и транзит (*) („Службен весник на Република Македонија“ бр. 94/12 и 25/13) во членот 42 во ставот (4) точката на крајот на реченицата се брише и се додаваат зборовите „при што се прифаќаат гаранциите кои ги продуцира електронскиот систем за сертификација на пратки на Нов Зеланд, а кои се соодветни за пратката која е предмет на преглед на ветеринарно инспекциско место на граничен премин во Република Македонија.“

Член 2

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 02-3095/1
25 август 2017 година
Скопје

Агенција за храна
и ветеринарство
в.д. Директор,
**Зоран Атанасов,** с.р.

[*] Со овој правилник не се врши транспонирање на законодавството на Европската унија во законодавството на Република Македонија.